# АНАЛИЗА

## КАКО ДО ПОЕФЕКТИВНА ЗАШТИТА ОД СТРАТЕШКИ ТУЖБИ ПРОТИВ УЧЕСТВОТО НА ЈАВНОСТА (SLAPP)?



ОКТОМВРИ 2023

ЗНМ
Здружение на новинарите на Македонија

**Наслов:** АНАЛИЗА - Како до поефективна заштита од стратешки тужби против учеството на јавноста (SLAPP)?

**Проект:** „Стратешките тужби против учеството на јавноста (SLAPP) се шлаканица за граѓаните и за јавниот интерес“

**Имплементатор:** Здружение на новинарите на Македонија

**Поддржано од:** UNESCO's Global Media Defence Fund (GMDF)

**Програма:** Global Campaign for Media Freedom and the UN Plan of Action on the Safety of Journalists and the Issue of Impunity

**Уредник:** Драган Секуловски

**Автори:** д-р Жарко Алексов и м-р Жарко Хаџи-Зафиров

**© ОКТОМВРИ, 2023**

Употребените назнаки и презентацијата на материјалот во оваа публикација не подразбираат изразување на какво било мислење од страна на УНЕСКО во врска со правниот статус на која било земја, територија, град или област или тамошните власти, или во врска со разграничувањето на граници.

Авторите се одговорни за изборот и презентирањето на фактите содржани во оваа публикација и за изразените мислења, кои не се нужно оние на УНЕСКО и не ја обврзуваат Организацијата.

UNESCO unesco

With the support of the
UNESCO Global Media Defence Fund (GMDF)

ЗНМ
Здружение на новинарите на Македонија

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| 1. Табела со акроними | 6 |
| 2. Вовед | 7 |
| 2.1 Структура на анализата | 7 |
| 2.2 Која е целта на оваа анализа? | 8 |
| 2.3. Методолошки приста | 8 |
| 3. Што е стратешка тужба против учеството на јавноста (SLAPP )? | 9 |
| 3.1 Дефинирање на терминот **SLAPP** | 9 |
| 3.2 SLAPP низ бројки – примерот на Европа | 12 |
| 3.3 Кои се најчестите жртви на SLAPP? | 13 |
| 3.4 Кои се најчестите основи за SLAPP? | 13 |
| 3.5 Кој е најчестиот тужител и подносител на SLAPP? | 14 |
| 4. Случајот на Малта и раѓање на „Законот на Дафне“ | 14 |
| 5. Закони против SLAPP | 15 |
| 5.1 Нацрт-директива предложена од Европската комисија | 16 |
| 5.2. Нацрт-препорака на Комитетот на министри за спротивставување на користењето на SLAPPs | 17 |
| 5.3 Дали постои потреба за дистинкција меѓу заштитата на новинарите и другите актери | 20 |
| 6. Преглед на релевантна правна рамка против SLAPP во РС Македонија | 21 |
| 6.1 Устав на Република Северна Македонија | 21 |
| 6.2 Закони | 21 |
| 6.2.1 Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда | 21 |
| 6.2.1.1 Префрлање на товарот на докажување | 22 |
| 6.2.1.2 Заштитни механизми во случаите на SLAPP | 22 |
| 6.2.2 Закон за облигациони односи (ЗОО) | 23 |
| 6.2.3 Закон за обезбедување на побарувања | 24 |
| 6.2.4 Закон за парнична постапка | 24 |
| 6.3 Европска конвенција за човекови права во борбата против SLAPP | 25 |

| | |
|---|---|
| 6.3.1 Исклучоци од слободата на изразување според ЕСЧП | 25 |
| 6.3.2 Извадоци од праксата на ЕСЧП релевантна за SLAPP | 26 |
| 6.3.3 Примери на SLAPP во светот и во регионот | 29 |
| 6.4 SLAPP предмети во националните судови | 31 |
| 7. Интервјуа со релевантни чинители | 34 |
| 8. Заклучоци и наоди од спроведени интервјуа | 37 |
| 9. Препораки за постапување во случаи на **SLAPP**, од легислативен и практичен аспект | 37 |
| 9.1 Индикатори за идентификување на SLAPP | 37 |
| 9.2 Генерални насоки и препораки за заштита од SLAPP | 39 |
| 10. ПРИЛОЗИ | 43 |



“

*СЛОБОДАТА на печатот,*
*ако тоа воопшто*
*нешто значи, е*
*СЛОБОДА да се критикува и*
*да се спротивставува*

Џорџ Орвел

# 1. ТАБЕЛА СО АКРОНИМИ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | SLAPP | Стратешки тужби против учеството на јавноста |
| 2. | ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| 3. | CASE | Коалиција против SLAPPс во Европа |
| 4. | НВО | Невладини организации |
| 5. | САД | Соединети Американски Држави |
| 6. | ЕУ | Европска Унија |
| 7. | ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| 8. | ЗПП | Закон за парнична постапка |
| 9. | ЗОО | Закон за облигациони односи |
| 10. | ЗГОНК | Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета |
| 11. | КРИК | Мрежа за истражување криминал и корупција во Србија |
| 12. | БИА | Безбедносно-информативна агенција во Србија |

# 2. ВОВЕД

Оваа анализа е направена во рамки на проектот што ги опфаќа новинарите и медиумските работници, медиумската заедница и релевантни институции, чија цел е да придонесе кон подигнување на свеста за ризикот што го имаат стратешките тужби против учеството на јавноста (SLAPP) за слободата на изразување, преку превентивни алатки, кои ќе ги едуцираат засегнатите страни.

### ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ




**1 ОБРАЗОВНА КОМПОНЕНТА**

Да се изготват конкретни насоки кои што ќе го дефинираат овој вид тужби во локален контекст и потенцијалните последици кои што можат да произлезат.

**2 СЛЕДЕЊЕ НА SLAPP**

Со јавно говорење за предизвиците поврзани со стратешките тужби против учеството на јавноста дополнително да придонесе кон будното следење на негативните последици од нив врз јавниот интерес и правото на граѓаните да бидат информирани.

## 2.1 Структура на анализата

Анализата се состои од три интегрални дела.

Првиот дел се осврнува на дефинирањето на SLAPP и суштинските елементи на овој феномен, вклучувајќи и краток осврт за ситуацијата со SLAPP во Европа.

Вториот дел се фокусира на мапирањето и на правната процена на националното законодавство за да се обезбеди јасна систематизација на релевантната регулатива што се одне-

сува на постојните заштитни механизми против SLAPP. Истовремено овој дел се осврнува и на принципите што ја засноваат заштитата од SLAPP, а кои произлегуваат од праксата на ЕСЧП. Авторите се потрудија да селектираат и да анализираат неколку случаи на темата што се обработува. Јазикот користен во овој дел е јасен и едноставен, задржувајќи ја притоа легалистичката прецизност и доследност на аргументацијата на ЕСЧП.

Третиот дел се однесува на утврдување на насоките за дефинирање на стратешките тужби против јавното учество во локален контекст преку студии на случај од земјата и од други земји од Западен Балкан, за да се поттикне учењето и размената, како и правните препораки релевантни за локалниот контекст, со цел да се препознаат и превенираат и да се подобри правната заштита на новинарите.

## 2.2 Која е целта на оваа анализа?

Анализата во прилог има две цели:

1. Да претставува своевиден водич за насоките за дефинирање на стратешките тужби против јавното учество (SLAPP) во локален контекст. Оваа цел е во тесна корелација со една од посебните цели на проектот за зголемување на капацитетите, знаењата и вештините на новинарите, активистите, аналитичарите, адвокатите и граѓанските организации во препознавањето на SLAPP и имањето проактивна улога во детектирањето и сузбивањето на овој феномен;

2. Втората цел на анализата е да се зголеми свеста, не само на новинарите и граѓанските организации, туку и на пошироката јавност, за ризикот што го имаат стратешките тужби против учеството на јавноста (SLAPP) за слободата на јавно изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап и јавното информирање.

## 2.3 Методолошки пристап

Податоците содржани во оваа анализа се документирани користејќи ги методот на анализа и синтеза со детален опис и сликовито претставување на резултатите од истражувањето. Комбинација од компаративен и дескриптивен метод е користен при споредувањето и описот на легислативната рамка, праксата на ЕСЧП и спроведените интервјуа неопходни за утврдување на насоките за дефинирање на SLAPP.

## МЕТОДОЛОГИЈА

**2. ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ**

Спроведување на консултативни интервјуа во врска со предизвиците и проблемите поврзани со безбедноста на новинарите и состојбите со SLAPP.




**1. АНАЛИЗА НА РЕЛЕВАНТНИ ДОКУМЕНТИ**

Дефинирање на SLAPP, анализа на релевантни домашни и меѓународни акти/ документи, анализа на случаи во земјава, Балканот и ЕУ.

**3. ПОДГОТОВКА НА НАСОКИ**

Подготовка на насоки за дефинирање на стратешките тужби против јавното учество во локален контекст и преку студии на случаи.

# 3. ШТО Е СТРАТЕШКА ТУЖБА ПРОТИВ УЧЕСТВОТО НА ЈАВНОСТА (SLAPP)?

## 3.1 Дефинирање на терминот SLAPP

Терминот SLAPP - Стратешка тужба против учеството на јавноста - првично бил осмислен од професорите Џорџ В. Принг и Пенелопе Канан во нивната книга ***„SLAPPs: Getting Sued for Speaking Out (1996)“*** [1]. Терминот генерално се однесува на тужба поднесена од моќни субјекти, односно ентитети (на пример: корпорација, јавен функционер, деловно лице од висок профил) против граѓански организации или поединци, како што се новинари или други, кои изразиле критична позиција за суштинско прашање од некаков политички интерес или општествено значење.[2]

Дефинирањето што е SLAPP останува една од најнеостварливите цели на целото законодавство против ваквиот феномен. Дали е премногу да се очекува дека треба да има некаков обид за доследност на дефиницијата меѓу трите европски тела (вклучувајќи ја и нашата влада), со цел да им се помогне на адвокатите, кои во иднина би можеле да се најдат во недоумица како најдобро да дејствуваат во оваа сложена област?[3]

1 Pring and Cannan, SLAPPs: Getting Sued for Speaking Out (1996) https://books.google.mk/books?id=SEaAjENdpJkC&printsec=frontcover&source=gbs_ge_summary_r&cad=0#v=onepage&q&f=false

2 European Centre for Press and Media Freedom: https://www.ecpmf.eu/slapp-the-background-of-strategic-lawsuits-against-public-participation/

3 The Law Society Gazette, https://www.lawgazette.co.uk/commentary-and-opinion/three-types-of-slapps/5116441.article

Според американската правна мисла, SLAPP е нешто различно од „обичен“ напад на слободата на говорот: SLAPP има за цел да го затвори критичкиот говор со заплашување на критичарите и трошење на нивните ресурси, поткопувајќи го нивниот активен јавен ангажман. Згора на тоа, една основна карактеристика на овој вид дејствија е нееднаквоста на моќта и ресурсите меѓу тужителот и тужениот.

SLAPP не се однесува само на новинарите. SLAPP може да се однесува и против граѓански организации, аналитичари, адвокати, јавни личности, односно во суштина против секој што може да покрене јавна дебата или да покрене определено прашање што го засега јавниот интерес. Во суштина, феноменот на SLAPP не е толку едноставен да се опише или да се дефинира, со оглед на фактот што индикаторите што се иманентни за нив, не се секогаш јасни и очигледни.

Неретко, овој вид тужби се неосновани или навредливи, маскирани како тужби за клевета или наводно кршење на уставните и/или граѓанските права, кои се покренати против новинари или активисти затоа што ги остваруваат своите политички права и/или нивната слобода на изразување и информирање во врска со прашања од јавен интерес или општествено значење.

Тие обично не се поднесуваат со намера да ја добијат правдата, туку за заплашување, замолчување и за трошење на финансиските и психолошките ресурси на целите на SLAPP. Често се карактеризираат со голема нерамнотежа на моќта меѓу тужителот и обвинетиот, каде што едниот има ресурси и способност ефективно да го замолчи другиот преку парнични техники што го засилуваат психолошкиот и економскиот товар на долготрајните постапки.[4]

SLAPP е насочено кон исцрпување на ресурсите на тужените, вклучително и мотивираноста да се продолжи со работа на определена сторија, проект или да се собираат информации со цел тие понатаму да ѝ бидат пласирани на јавноста.

Една од најзначајните карактеристики на овие постапки се гледа преку нивниот ефект што сакаат да го постигнат. Моќните политички, деловни или општествени ентитети, кои ги иницираат овие тужби, не се толку мотивирани од висината на обесштетувањето што би го оствариле, туку се мотивирани воопшто да не се покрене едно прашање низ институциите. А каде најдобро се истакнуваат прашањата за кои овие ентитети не би сакале да се расправа, отколку пред судовите, каде што странките се еднакви и се презентираат доказите про и контра. Крајниот ефект на овие тужби е всушност да се постигне овој одвраќачки ефект, односно „ефект на ладење“ врз тужениот/тужените, со цел да биде попречено нивното нормално работење и функционирање, но не само деловното, туку и приватното право.

4 Rafał Mańko Members’ Research Service PE 733.668, SLAPP- BRIEFING EU Legislation in Progress, July 2023

Како што е подвлечено од специјалниот известувач за правата на слободата на мирно собирање и здружување, околината на одредена земја може да биде повеќе или помалку плодна за SLAPP. Тоа зависи од различни фактори, како на пример, колку се скапи правните трошоци, еластичноста на законите насочени кон говорот (особено клевета) и постоењето на заштитни мерки (на пр. анти-SLAPP статути (н.з. прописи)  или награди за трошоци против злоупотреба на процесот). На пример, овие три барања се совршено задоволени во американскиот контекст: поради оваа причина, групата за слободен говор Индекс на цензура ги идентификуваше граѓанските парници како една од растечките закани за слободата на медиумите во САД.[5]

Често засновани на двосмислени и еластични законски одредби, SLAPPs користат неколку стратегии за да ги исцрпат ресурсите и моралот, генерално вклучувајќи преголеми барања за отштета и наводи наменети за оцрнување, вознемирување и совладување активисти и/или граѓански организации.

Не постои дефиниција што едноставно ќе го објасни овој феномен, односно појава.

Сепак, генерално, овие тужби ги вклучуваат следните критични елементи:

## ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА SLAPP




**МАСКИРАНОСТ**
Маскираност, како тужби за клевета или кршење на уставните и/или граѓанските права. Наводи за оцрнување и навредување.

**ЗАПЛАШУВАЊЕ**
Тужбите немаат намера да ја добијат правдата, туку да заплашуват и замолкнат новинар/активист/организација.

**НЕЕДНАКВОСТ**
Карактеристична е нееднаквоста на моќта и ресурсите помеѓу тужителот и тужениот.

**ЕКСЦЕСИВНИ БАРАЊА**
Високи и неразумни барања за отштета која цели кон трошење на финансиските и психолошките ресурси на тужената страна.

**ОДВРАЌАЧКИ (CHILLING) ЕФЕКТ**
Одвраќачки и попречување на нормалното функционирање на работата на тужениот.

5 *Ibid*

**Оттука, по дефиниција SLAPPs претставуваат:** ***поднесени навредливи тужби за спречување на активно учество на јавноста, вклучително и новинарството од јавен интерес, мирни протести или бојкоти, застапување, свиркање, академски коментари или едноставно зборење против злоупотребата на моќта. SLAPP го таргетираат секој што работи да ги држи моќните на одговорност или се занимаваат со прашања од јавен интерес: таканаречени „јавни чувари“. Оваа широка категорија вклучува новинари, активисти, бранители на права, свиркачи, организации за кампања, синдикати или трговски здруженија и академици[6].***

## 3.2 SLAPP низ бројки - примерот на Европа

Согласно сеопфатната студија на CASE[7] објавена во 2023 година, се забележува нагло зголемување на случаите на SLAPP низ Европа во последните четири години - со 539 случаи низ Европа денес, една петтина од тој број е регистриран само во 2021 година. Рекорден број на SLAPP е забележан во 2022 година, со регистрирани 161 случај. Сепак, во реалноста, бројката е, всушност, далеку поголема бидејќи самото детектирање и идентификување на ваквите случаи се покажа како навистина голем предизвик.

***Регистрирани случаи на SLAPP во период 2010-2012 година во Европа***




Според документот за политики, „SLAPPs во Европа, како ЕУ може да ги заштити чуварите од навредливи тужби“, Малта, Словенија, Хрватска и Ирска се на врвот на листата. Малта имаше највисока стапка на случаи на SLAPP по жител, со 3 на 100.000 луѓе, потоа Словенија со 1,9 и Хрватска со 0,6. **Македонија со 0,29 на 100.000 луѓе се наоѓа во групата од 10 земји со највисока стапка на SLAPP по број на жители.**

6 Coalition Against SLAPPs in Europe (CASE), SLAPPs: A TREATH TO DEMOCRACY CONTINUES TO GROW, A 2023 Report Updated, страна 7

7 Коалиција против SLAPPс во Европа (CASE), чадор група која обединува низа организации чувари.

## 3.3 Кои се најчестите жртви на SLAPP?

Собраните кумулативни податоци покажуваат дека новинарите во нивниот индивидуален капацитет остануваат најверојатната цел на SLAPP, проследено со медиумите, уредниците, активистите и невладините организации. Други веројатни обвинети вклучуваат адвокати, академици, политичари, автори на книги (писатели) и издавачи. Во огромното мнозинство на случаи, целта останува поединец наспроти организација (графички приказ подолу).

***Најчести жртви***




***Индивидуалци vs организации***




## 3.4 Кои се најчестите основи за SLAPP?

Во 2022 година, најголемиот број мапирани тужби против учество на јавноста во Европа биле поврзани со објавени написи и информации за матни или сомнителни зделки од областа на бизнисот (34%), по што следи корупцијата (23%), владата (10%) и животната средина (8,3%).

***Основи и причини за поднесени тужби против учество на јавноста***



## 3.5 Кој е најчестиот тужител и подносител на SLAPP?

Во текот на 2022 година, бизнисмените и деловните субјекти поднеле најмногу тужби (40%), потоа следуваат државните субјекти (26,8%) и политичарите (25%). Ваквиот соодност претставува повеќегодишен тренд. Како што може да се види на графиконот подолу, меѓу 2010 година до крајот на 2022 година, најчестите парнични странки на SLAPP беа оние на моќни позиции; имено, бизнисмените и политичарите.

***Кој е најчест тужител и поднесител на SLAPP?***

**Државни субјекти и политичари**
Висок процент (помеѓу 26 и 27%) од тужителите се политичари и државни органи/ субјекти



**Бизнисмени**
Бизнисмените и деловните субјекти со 40% од вкупниот број тужби преднчат во оваа категорија

# 4. СЛУЧАЈОТ НА МАЛТА И РАЃАЊЕ НА „ЗАКОНОТ НА ДАФНЕ“

Во 2017 година, новинарката Дафне Каруана Галиција беше убиена на Малта. Во моментот на нејзиното убиство, таа се соочуваше со 48 стратешки судски спорови против тужби за учество на јавноста (SLAPPs) од политичарите, меѓу кои и поранешниот премиер и министрите во кабинетот. SLAPPs се побарувања со цел што не е првенствено во блиска корелација со компензација, туку да се вознемируваат или покоруваат медиумите и други критички гласови во општеството и да се создаде застрашувачки ефект врз правото на слобода на изразување.

Покрај тоа, Дафне Каруана Галиција се соочи со закана од ваква SLAPP тужба од трета земја, односно од Велика Британија и од САД. Според истражувањето на Коалицијата против SLAPPs во Европа (CASE), Каруана Галиција останува поединецот што бил подложен на најголемиот број случаи на SLAPP во Европа. За нејзините критичари, Каруана Галиција беше „блогерка на омразата“ и „писателка на отровните пенкала“ - „вештерката на Биднија“. Витриолот, делумно, беше резултат на жестокиот племенски однос во двопартискиот политички систем на Малта.

Како директен резултат на застапувањето на семејството на Дафне и граѓанското општество, анти-SLAPP движењето се зголеми за да се справи со SLAPP во Европа. Во спомен на наследството на Дафне Каруана Галиција, нацрт-директивата предложена од Европската комисија, во април 2022 година, е позната како „Законот на Дафне". Во меѓувреме, Советот на Европа ќе објави сеопфатен извештај со анти-SLAPP препораки на почетокот на 2024 година.

Поради тоа, слободно може да се каже дека Малта е, всушност, државата од каде што потекнува иницијалната каписла на тлото на Европа за ова прашање да биде адресирано со целата сериозност што ја има, не само по однос на новинарите и граѓанските организации, туку и во поширокиот контекст во општеството, особено во владеењето на правото.

## 5. ЗАКОНИ ПРОТИВ SLAPP

Прописите против SLAPP имаат за цел да ги ограничат и/или одвратат потенцијалните тужители од поднесување вознемирувачки тужби што не се насочени во заштитата на правата, туку се насочени кон вознемирување на тужените. Ваквите прописи обично дозволуваат предвремено отфрлање на таквите тужби, наградувајќи ги трошоците што ги поднесува тужениот и обезбедуваат некои мерки за казнување на злоупотребата, како што е парична казна за тужителот.

Еден предизвик во изготвувањето на законодавството против SLAPP е да се определи како да се насочат навредливите побарувања, без да се негираат правата на тие што бараат легитимни барања. Ова е, всушност, и најтешкиот дел на работата и најголемиот предизвик.

Законите против SLAPP се поразвиени во САД, Канада и во Австралија - каде што главно произлегоа од контекстот на законот за животната средина - додека во Европа SLAPP-ите остануваат главно непризнаени, со мало разгледување на нивната употреба и влијание. Според некои научници, оваа разлика се заснова на различното разгледување на правото на слобода на изразување во уставните системи на земјите. Додека слободата на говорот е заштитена како речиси апсолутно право со Првиот амандман на САД, неопходна рамнотежа меѓу ова основно право и другите интереси - како што се правата на репутација - е обезбедена во европските домашни и регионални системи (на пр. со член 10 (2) на Европската конвенција за човекови права).

Од февруари 2018 година, група европски пратеници ја повикуваат Комисијата на ЕУ да промовира директива на ЕУ против SLAPP, која ќе им даде овластување на истражувачките новинари и медиумски групи да бараат брзо отфрлање на „вознемирувачките тужби" и ќе создаде фонд за финансиска поддршка на медиумските групи што се спротивставуваат на

таквите тужби. Покрај тоа, европратениците предложија создавање нов регистар на ЕУ, кој ќе ги „именува и срами“ фирмите што практикуваат SLAPP. Една од причините што ги натера европратениците да промовираат ваква регулатива е токму случајот на Дафне Каруана Галиција, која беше убиена во автомобил-бомба минатиот октомври. По овој случај, минатиот април, Малта ја декриминализираше клеветата: сепак, амандманите против SLAPP не беа вклучени.

## 5.1 Нацрт-директива предложена од Европската комисија

На 27 април 2022 година, Европската комисија го усвои предлогот за Директива за заштита на лицата што се дел од јавното учество од очигледно неосновани или навредливи судски постапки („Стратешки тужби против учеството на јавноста“) и препораката за заштита на новинарите и бранителите на човековите права што се вклучени во учество на јавноста од очигледно неосновани или навредливи судски постапки („Стратешки тужби против учеството на јавноста“).[8]

Целта на оваа директива е да ги елиминира пречките во однос на правилното функционирање на граѓанските постапки, притоа да обезбеди заштита на физичките и правните лица што земаат учество во јавноста за прашања од јавен интерес, особено новинарите и бранителите на човековите права, постапки против судот, кои се покренати против нив за да ги одвратат од учеството на јавноста (најчесто наречени „стратешки тужби против учеството на јавноста“ или „SLAPP“).[9]

Според оваа предлог-директива, неопходно е да се има предвид дека учеството на јавноста не се спроведува секогаш со добра волја. Ширењето дезинформации не треба да биде заштитено со оваа директива. За таа цел, правилата во оваа директива треба да му оставаат дискреција на судот или трибуналот, засегнат со ова прашање, со цел да се разгледа дали примената на релевантните заштитни мерки е соодветна во одреден случај. На пример, ако наводите изнесени од тужениот се измислени и нивната цел е да му наштетат на угледот на тужителот, на тужениот не треба да му се даде заштита.[10]

8 Council of the European Union, Proposal for a DIRECTIVE OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL on protecting persons who engage in public participation from manifestly unfounded or abusive court proceedings (“Strategic lawsuits against public participation”) https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A52022PC0177

9 Ibid

10 Ibid

## 5.2 Нацрт-препорака на Комитетот на министри за спротивставување на користењето на SLAPPs

Советот на Европа, согледувајќи ја неопходноста од поголема заштита на новинарите, има изготвено нацрт-препорака за спротивставување на користењето на SLAPPs („Стратешки тужби против учеството на јавноста“).

Советот на Европа, во преамбулата на оваа препорака се повикува, пред сè, на обврската на државите-членки кон правото на слобода на изразување и информации, гарантирано со членот 10 од Европската конвенција за човекови права на начин на кој ја интерпретира Европскиот суд за човекови права во својата судска пракса. Исто така, Советот на Европа се повикува и на нивната негативна обврска да се воздржат од мешање во правото на слобода на изразување и на позитивната обврска да создадат безбедна и поволна средина за учество во јавната дебата на сите, без страв, дури и кога нивните мислења се спротивни на оние што ги бранат официјалните власти или значајни делови од јавноста. Притоа, во преамбулата, Советот на Европа дава дефиниција за SLAPP, наведувајќи дека тоа е *пракса што има за цел да предизвика застрашувачки ефект врз слободата на изразување, јавната дебата и учеството на јавноста преку навредлива или злонамерна употреба на правни постапки за стратешки заплашувања, со крајна цел замолчување на секој што сака да учествува во јавната дебата или во јавните работи, вклучително и со закани или преземање правни дејствија за целосно или делумно неосновани барања и искористување нерамнотежа во финансиската, политичката или во општествената моќ.*

Во оперативниот дел на препораката, Советот на Европа, согласно членот 15, ги утврдува и им препорачува на државите-членки итно да ги имплементираат насоките што се дадени во прилог на оваа препорака во согласност со нејзините принципи, да дадат посебно внимание на SLAPPs при ревидирање на законодавството, политиките и праксата согласно Директивата за заштита на новинарството и безбедноста на новинарите и другите медиумски актери. Оперативниот дел, исто така, предвидува и промоција на целите на препораката на национално ниво и да воспостават соработка со сите чинители за постигнување на тие цели и редовна проверка на статусот на имплементација на препораката и информирање на Советот на министри за преземените мерки од страна на државите-членки и од другите чинители, постигнатиот напредок и предизвиците со кои се соочуваат.

Во рамките на нацрт-препораката, Советот на Европа дава јасни дефиниции за клучните поими за целите на препораката, притоа тргнувајќи од ЕКЧП и од воспоставената пракса на ЕСЧП. Во овој дел, Директивата првенствено ги дефинира јавното учество и јавниот интерес, кои како термини се многу специфични и зависат од контекстот.

Суштинскиот дел на препораката се индикаторите што препораката ги дефинира за идентификување на целта на покренувањето судски предмет. Препораката дефинира 8 индика-

тори, кои една судска постапка не секогаш задолжително треба да ги има за да се смета за SLAPP. Овие индикатори се вклучуваат:

(1) Намерата на тужителот да ја искористи нерамнотежата на моќта, како што е неговата финансиска предност или политичко или општествено влијание, за да изврши притисок врз тужениот.

(2) Агресивно формулираните аргументите изнесени од тужителот се делумно или целосно неосновани.

(3) Доколку тужителот поднесува правни лекови, кои се непропорционални за тужениот.

(4) Доколку тужителот користи процедурални и парнични тактики, како што се одложување на постапките, избор на форум во кој законот или други аспекти на постапката се поволни за него, предизвикувајќи зголемен обем на работа, поднесување жалби со мал или никаков изглед за успех, и предизвикувајќи непропорционални трошоци за тужениот.

(5) Водењето судска постапка е насочена кон поединци или организации, или поединци или организации поврзани со нив.

(6) Доколку судската постапка е придружена со навредлива кампања во јавноста насочена кон малтретирање, дискредитирање или заплашување на актерите што учествуваат во јавната дебата или имаат за цел пренасочување на вниманието од суштинското прашање во конкретниот случај.

(7) Доколку тужителот или неговите застапници се впуштаат во законско заплашување, вознемирување или закани, или имаат искуство во вршење такви активности.

(8) Тужителот или поврзаните странки се вклучуваат во повеќекратни и координирани или прекугранични судски постапки врз основа на исти факти или во врска со слични работи.

Препораката, исто така, ги предвидува и специфичните облици на SLAPP, во кои ги препознава прекуграничните SLAPP и SLAPP преку кој се цели на анонимно јавно учество.

Во делот на заштитата од SLAPP, препораката, на јасен и недвосмислен начин, предвидува суштински заштитни механизми, правни лекови и транспарентност во случаите на SLAPP. Имено, во делот на заштитните механизми, препораката предвидува два вида: законски и процедурални заштитни механизми. Во законските механизми се предвидуваат донесување

законодавство што обезбедува секое лице да учествува во јавни дебати и во јавниот живот без страв и закани што ќе биде во согласност со ЕКЧП. Во делот на процедуралните механизми, препораката ги предвидува следните: ефективно управување со предмети, рано отфрлање на тужбите против јавно учество, неменување на тужбеното барање на SLAPP тужби, скратени постапки во случај на SLAPP тужби, трошоци на постапката и надомест на штета, надоместок на трошоците на судската постапка во случај на SLAPP, запирање на судските постапки во случај на смрт на тужениот.

Покрај заштитните механизми, препораката ги предвидува и следните правни лекови во случај на SLAPP предмети: доделување на трошоците на постапката, надоместок на штета на жртвите од SLAPP, ограничување на висината на нематеријалната штета за тужителот, мерки за одвраќање од SLAPP. Во однос на транспарентноста во SLAPP случаите, препораката предвидува објавување на судските наоди, кога станува збор за SLAPP, како и името на тужителот согласно позитивните закони за заштита на личните и европските стандарди за човековите слободи и права. Покрај објавувањето, препораката предвидува и воведување и водење јавен регистар на судски предмети и одлуки што се сметаат за SLAPP.

На крајот, препораката предвидува начини на сестрана поддршка на целите и жртвите на SLAPP, предвидувајќи правна помош, финансиска поддршка, психолошка поддршка, практична поддршка и поддршка од приватниот сектор.

Од аспект на генерална превенција, препораката посебно го истакнува значењето на образовните програми и програми за обука за правни професионалци и јавни органи засновани на праксата на ЕСЧП и меѓународните стандарди и механизми, со акцент и на родовата застапеност. Од друга страна, препораката предвидува и развивање стратегии и мерки за подигање на јавната свест кај општата јавност за SLAPP и штетата што може да настане во јавниот живот и по јавниот интерес од истите.

Овој документ на Советот на Европа е од посебно значење за препознавањето и превенцијата на SLAPP, како и силна поддршка за борбата против постоечките SLAPP предмети. Важноста на препораката е во нејзиниот сеопфатен пристап, преку кој, всушност, се стреми да се воспостави систем во државите-членки на Советот на Европа со кој ќе се гарантира превенцијата, идентификацијата и борбата против сите облици на спречување или ограничување на јавното истапување, учеството во јавниот простор и информирањето за јавниот интерес согласно стандардите што ги има воспоставено ЕКЧП преку своите механизми и праксата на ЕСЧП.

## 5.3 Дали постои потреба за дистинкција меѓу заштитата на новинарите и другите актери

Синоним за јавно учество, односно учество на јавноста се остварува преку новинарите. Тие се секогаш на првата линија бидејќи ја имаат улогата на известување, пренесување и коментирање на случувањата и вестите, пред сè во областа на јавното право и јавните ентитети, но и во рамките на ентитетите на приватното право. Сепак, и други ентитети што не спаѓаат *per se* во медиуми и новинари имаат свое учество во јавните дебати, коментари и критики.

Можеби најдобар одговор на ова прашање дава предлог-директивата на ЕУ, со која се прави своевидна, не толку голема, но, сепак, дистинкција меѓу новинарите и другите учесници во јавното учество.

Според предлог-директивата, новинарите играат важна улога во олеснувањето на јавната дебата и во пренесувањето и примањето информации, мислења и идеи. Тие треба да бидат способни ефикасно да ги спроведуваат своите активности, со цел да се осигураат дека граѓаните имаат пристап до плуралноста на ставовите во европските демократии. Од суштинско значење е да им се остави потребниот простор на новинарите да придонесат за отворена, слободна и фер дебата и да се спротивстават на дезинформациите, манипулациите со информации и мешањето. Новинарите треба да бидат способни ефикасно да ги спроведуваат своите активности за да се осигураат дека граѓаните имаат пристап до плуралноста на ставовите во европските демократии. Заштитата што им се дава на новинарите, според правото на слобода на изразување, како признание за нивната важна улога, подлежи на одредбата дека тие треба да дејствуваат со добра волја, со цел да обезбедат точни и веродостојни информации, во согласност со етиката на новинарството.

Оваа директива не дава дефиниција за новинар, бидејќи целта е да се заштити секое физичко и правно лице поради своето ангажирање во учеството на јавноста. Сепак, треба да се подвлече дека новинарството е функција што ја споделуваат широк спектар на актери, вклучувајќи известувачи, аналитичари, колумнисти и блогери, како и други што се занимаваат со форми на самообјавување во печатена форма, на интернет или на друго место.[11]

11 Ibid

# 6. ПРЕГЛЕД НА РЕЛЕВАНТНАТА ПРАВНА РАМКА ПРОТИВ SLAPP ВО РС МАКЕДОНИЈА

Во Република Северна Македонија не постои посебна анти-SLAPP регулатива. Тоа, сепак, не значи дека тужените во ваквите процеси се оставени без никаква заштита, туку своите права, односно заштитата ја остваруваат во рамките на вкупните состојби во позитивното право, без притоа да се прави дистинкција што е SLAPP тужба, а што не потпаѓа под оваа категорија.

Овие предмети, од која било природа и да се, гравитираат околу неколку процесни и материјални закони. Некои од нив се lex generali, како на пример Законот за парнична постапка (ЗПП), Законот за облигациони односи (ЗОО), ЗОП или се lex specialis Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (ЗГОНК).

Сепак, за да тргнеме во испитувањето на одредбите на овие закони, мора да ја имаме предвид уставната рамка.

## 6.1 Устав на Република Северна Македонија

Според Уставот, слободата на говорот и мислата е гарантирана.[12] Во темелните вредности дадени се и

> *...основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот*[13]

Тоа значи дека, не само оние дадени и пропишани со Уставот, туку и оние пропишани со меѓународното право, како супремативно, се признати и афирмирани од Уставот и од нашиот правен поредок.

## 6.2 Закони

### 6.2.1 Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета

Законот за облигациони односи, во суштина, ги регулира начелата врз основа на кои настанува штета, принципите врз основа на кои се утврдува одговорност и се определува, односно се надоместува штета за сторена навреда или клевета.

12 Устав на Република Северна Македонија, Член 16

13 Устав на Република Северна Македонија, Член 8, Темелни вредности

Законот претставува lex specialis vis a vis Законот за облигациони односи, каде што институтите за штета се генерално пропишани.

Бидејќи правото на слобода на изразување е релативно право (каде што тоа може да биде подложено на рестрикции, но во точно определени случаи), за да се избегне арбитрерно толкување, дефинирани се исклучоците кога нема одговорност за навреда, односно клевета. Зошто е важно тоа? Затоа што тие претставуваат своевидна брана, односно заштитен механизам против SLAPP постапките, иако овој вид тужби не е посебно издвоен, односно идентификуван во овој Закон.

За сторено дело навреда, исклучоците се дадени во член 7.[14]

За сторена клевета, предвидени се исклучоци во член 10.[15]

### 6.2.1.1 Префрлање на товарот на докажување

Иманентното во случаите на клевета, е тоа што товарот на докажување, односно onus probandi е на тужениот. Тужениот (новинарот, граѓанската организација итн.), всушност, треба да докажува дека изнесеното тврдење е точно, или имал основана причина да верува во точноста на изнесеното. Ваквиот инверзен товар на докажување не значи дека не оди во прилог на тужениот во случаите на SLAPP, бидејќи самата можност тужениот понатаму да елаборира и да докажува за изнесеното оди на штета на тужителот. Затоа овие тужби, односно можноста тие да се поднесуваат, се насочени кон остварување на „ефектот на одвраќање" за тужените воопшто да не изнесуваат наводи со цел да не бидат изложени на сите негативни аспекти од процедурата, како на личен, така и деловен план. Ваквото префрлање на товарот на докажување значи дека тужениот има задача да докажува дека она што е изнесено или пренесено било точно. Ваквиот товар на докажување е заштитен механизам за тужителот, но и помош на судот, бидејќи навистина е тешко да се докажуваат негативните факти што би биле изнесени (на пример, дека не постои проневера, дека нема прељуба, дека не се злоупотребени фондови итн.)

### 6.2.1.2 Заштитни механизми во случаи на SLAPP

Заштитните механизми предвидени во случаи на SLAPP теоретски можат да се поделат на 2 дела:

- Заштитни механизми од процесна природа
- Заштитни механизми од материјално-правна природа.

14 Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета Број на Службен весник на Република Северна Македонија бр.251/2022од 22.11.2022 година, член 7

15 Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета Број на Службен весник на Република Северна Македонија бр.251/2022од 22.11.2022 година, , член 10

Од аспект на посебни заштитни механизми од процесен карактер, во ЗГОНК нема посебни одредби, освен генералните одредби, кои се conditio sine qua non за поведување постапка. Што се однесува до механизмите од материјално-правна природа, туку состојбата е нешто подобра. И во делот на навредата, и во делот на клеветата, која е особено интересна од аспект на SLAPP, постојат одредби за исклучување на одговорноста. Бидејќи SLAPP случаите најчесто тангираат јавни личности од политиката или од бизнисот, кои допираат или се поврзани со јавниот интерес, одредбата од член 7 став 3, 4 и 5 (која се однесува за навредата)[16] и член 10 став 1 точка 4 (која се однесува на клеветата).[17]

Во секој случај, најсилен заштитен механизам од материјално правна природа, а кој може да се однесува на случаите на SLAPP, е генералното начело уредено во членот 2 и членот 3[18] во овој закон.

Тоа значи дека домашното законодавство не може да биде изговор само по себе кога се работи за ограничувањето на правото на слобода на изразување, па затоа како извор на правото се земаат и правните становишта изразени во пресудите на ЕСЧП, што е во согласност со Уставот и законот за судовите.

### 6.2.2 Закон за облигациони односи (ЗОО)

Начелата на ЗОО дадени во член 8 и 9 значат дека правото на личен, односно деловен интегритет е апсолутно право и секој има должност да се грижи да не се нанесува штета на личните права, кои се признати, и на правните лица.[19]

ЗГОНК упатува на ЗОО како пропис при утврдувањето на надоместот на штетата. Нема посебни одредби што би биле применливи исклучиво за случаите на SLAPP, но во рамките на генералните одредби за одмерување штета, може да се заклучи дека генерално се внимава на тоа да нема претерано ексцесивни барања за штета што би биле арбитрарни, и како такви досудени, што е самото по себе одвраќачки фактор за тој што има намера да поднесе SLAPP тужба против тужен новинар, граѓанска организација итн.

Особено интересна е одредбата од член 187-а, 188 и 189[20], каде што се пропишани обемот и начинот на надомест на нематеријална штета, односно направената дистинкција меѓу моралната сатисфакција и материјалната сатисфакција. И оваа можност може да биде одвраќачки фактор сам по себе.

---

16 Член 7 од ЗГОНК

17 Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета Број на Службен весник на Република Северна Македонија бр.251/2022од 22.11.2022 година, член 7 и член 10

18 Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета Број на Службен весник на Република Северна Македонија бр.251/2022од 22.11.2022 година, член 2 и член 3

19 Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета Број на Службен весник на Република Северна Македонија бр.251/2022од 22.11.2022 година, член 8 и член 9

20 Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета Број на Службен весник на Република Северна Македонија бр.251/2022од 22.11.2022 година, член 187-а, член 188 и член 189.

### 6.2.3 Закон за обезбедување на побарувања

Овој пропис спаѓа во доменот на процесното законодавство, но во себе содржи и одредби од материјалното право. Со овој пропис, всушност, се обезбедува определено побарување, односно во јавноста најчесто познато како определување привремени мерки.[21] Бидејќи SLAPP предметите обично имаат големи парични побарувања на име на штета, тоа значи дека со ваквите мерки се бара обезбедување парично побарување против новинар, граѓанска организација, пред или во текот на поведувањето на постапката.

Во праксата, во Република Северна Македонија имало случаи каде што се барало од Судот да определи привремена мерка со која ќе забрани издавање или јавно објавување книга, и/или напис, но нема воедначен став по прашањето дали и колку тие се ефикасни.

Она што е најважно по однос на овој пропис, е тоа што листата на привремени мерки предвидени со Законот не е конечна, туку е инструктивна, бидејќи го користи терминот „може да се дозволи секоја мерка со која се постигнува целта на таквото обезбедување, а особено“.[22]

### 6.2.4 Закон за парнична постапка

ЗПП е процесен закон, кој ја регулира самата процедура во која се остваруваат овие тужби. Овој закон нема посебни одредби, кои директно би биле применливи на тужби од ваков тип, но можат да се применат mutatis mutandis. Кога велиме да се применат, се мисли на тоа да постои механизам со кој тие тужби, доколку се идентификуваат, ќе бидат подложени на построга скрутинизација.

Во суштина, судот нема голем маневарски простор да интервенира со сегашното законско решение. Нему му е оставена можноста на пресудување, кое доаѓа на крајот на самата постапка. Но, определени одредби, доколку се разработат и се доработат, или поекстензивно се толкуваат, можат да најдат своја примена во фазата што ѝ претходи на пресудувањето.

Интересен е институтот тужба за утврдување, каде што е предвидено докажувањето правен интерес за водење таков спор. SLAPP тужбите најчесто имаат тужбено барање, не само за утврдување, туку содржат кондемнаторен петитум, со кој се бара определена чинидба или воздржување, или реституција. Сепак, како можност да се бара докажување правен интерес од страна на тужителот постои, макар и во ваков потесен опсег. Секако дека не е исклучена можноста за легислативна интервенција во оваа насока, во иднина.

Во суштина, единствената можност каде што судот би можел теоретски барем и потенцијално да интервенира е фазата на претходно испитување на тужбата, како и фазата на подготвителното рочиште.

21 Ibid

22 Ibid

## 6.3 Европска конвенција за човекови права во борбата против SLAPP

ЕКЧП е дел на домашниот правен поредок и не може да се дерогира со закон. Уште поинтересно е што нејзините ставови, односно ставовите на судот изразени во пресудите се применуваат директно во домашниот правен поредок. За прашањето на SLAPP, секако од аспект на Конвенцијата, релевантен е член 10.[23]

### 6.3.1 Исклучоци од слободата на изразување според ЕСЧП

Постојат 2 теста што се употребуваат за да бидат испитани евентуалните ограничувања на слободата на изразување, според членот 10, а тоа се  дали таквите ограничувања се:

1) пропишани со закон
2) имаат легитимна цел
3) се неопходни во едно демократско општество

**(а) „пропишано со закон“**

Мешањето во слободата на изразување ќе ја прекрши Конвенцијата доколку не ги задоволи критериумите утврдени во вториот став од членот 10. Затоа мора да се утврди дали тоа е „пропишано со закон“. Националните власти, а особено судовите, треба да го толкуваат домашното право. Освен ако толкувањето е произволно или очигледно неразумно, улогата на судот е ограничена на утврдување дали ефектите од тоа толкување се компатибилни со Конвенцијата (Cangi против Турција, § 42).

**(б) Дали мешањето било насочено кон „легитимна цел“, односно е „неопходно во демократско општество“**

Според праксата на ЕСЧП, судот неколкупати подвлекол дека листата на легитимни цели дадена во став 2 од член 10 е исцрпна. Строго интерпретиран, овој став - по исклучок, со оглед на неговата посебна улога во општеството - дава заштита само на една гранка на јавните овластувања, судството.[24]

Судот, долго време смета дека правото на заштита на угледот е право што е заштитено со член 8 од Конвенцијата, како дел од правото на почитување на приватниот живот. Концептот на „приватен живот“ е широк поим, кој не е подложен на исцрпна дефиниција, кој го

23 Европска конвенција за човековите права, член 10

24 Morice v. France [GC], бр. 29369 /10, §§ 128-30, ЕКЧП 2015).

опфаќа и физичкиот и психолошкиот интегритет на една личност. Меѓутоа, за да влезе во игра член 8, нападот на угледот на една личност мора да достигне одредено ниво на сериозност и на начин што предизвикува повреда на личното уживање на правото на почитување на приватниот живот (види, со понатамошни референци, Меџлис исламске заједнице Брчко и други против Босна и Херцеговина [GC], бр.17224/11, § 76, 27 јуни 2017 година).

### c) се неопходни во едно демократско општество

Општите принципи за проценка на неопходноста од мешање во слободата на изразување, повторени многупати од страна на Судот од неговата пресуда во Handyside против Обединетото Кралство, беа сумирани во Stoll против Швајцарија [GC] (§ 101) и повторно беа изнесени во Morice против Франција [GC] (§ 124) и Pentikäinen против Финска [GC] (§ 87).

Според тоа, Судот во својата судска практика го развил автономниот концепт за тоа дали мешањето е „пропорционално на легитимната цел", што се утврдува имајќи ги предвид сите околности на случајот, користејќи критериуми утврдени во судската пракса на судот и со помош на различни принципи и алатки за толкување.

## 6.3.2 Извадоци од праксата на ЕСЧП релевантна за SLAPP

Што се однесува до случаите во Европа, постојат различни принципи на судска пракса, кои можат да бидат правна основа за прописите против SLAPP, почнувајќи од случајот на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) Handyside v. UK (1976), во кој се наведува дека едно демократско општество треба да ги толерира, исто така и оние идеи „што ја навредуваат, шокираат или ја вознемируваат државата или кој било дел од населението".

Друг клучен случај е Стил Морис против Обединетото Кралство (2005), каде што ЕСЧП утврди повреда на чл. 10 од Конвенцијата: на апликантите, имено на двајца членови на Лондон Гринпис им беше побаран надомест од 40.000 евра за оштетување на угледот на компанијата „Мекдоналдс" преку памфлет со наслов „Што не е во ред со „Мекдоналдс"?". Според судот, повредата произлегува од неспособноста на државата да им гарантира правна помош на активистите - кои биле поединци со многу ниски приходи против една од најбогатите компании во светот - и висината на наградата против нив.

**Сепак, ЕСЧП за првпат во 2022 година направи референца кон SLAPP, во случајот ООО Мемо против Русија.**

## *Memo v. Russia*

Случајот се однесува на граѓанска тужба за клевета поднесена од руско регионално државно тело против медиумска компанија. На медиумската компанија ѝ беше наложено, на својата веб-страница да објави повлекување дека објавила лажни изјави, со што ја нарушува деловната репутација на барателот. ЕСЧП утврди дека, иако граѓанските постапки за клевета биле отворени за приватни или јавни компании за да го заштитат својот углед, тоа не може да биде случај за големо извршно тело, финансирано од даночните обврзници, како што е барателот во овој случај. Судот одлучи дека мешањето во правото на медиумската компанија на слобода на изразување, како што е загарантирано со членот 10 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), не е оправдано со „легитимна цел", бидејќи руската регионална држава не може да се потпре на „заштита на угледот и правата на другите", како што е наведено во член 10 § 2 ЕКЧП.

Понатаму, ЕСЧП утврди дека дозволувањето на извршните тела да поведат постапки за клевета против членовите на медиумите им става прекумерно и непропорционално оптоварување на медиумите и може да има неизбежен застрашувачки ефект врз медиумите при извршувањето на нивната задача да обезбедуваат информации и да ја набљудуваат јавноста.

Пресудата во случајот ООО Мемо против Русија е нов алармантен сигнал дека SLAPP, како форма на навредливи судски спорови, го загрозува правото на слобода на изразување во едно демократско општество, како што неодамна беше истакнато и во документите за политики, акциските планови и во препораките на Европската комисија и Европскиот парламент, и како што е документирано во годишните извештаи на платформата на Советот на Европа за промовирање на заштитата на новинарството и безбедноста на новинарите. SLAPPs се случуваат во различни видови правни дејствија, при што клеветата е примарен избор од страна на тужителите, проследен со барања преземени според законите за приватност и заштита на податоците. Една од првите европски институции што го истакна загрижувачкиот феномен на SLAPPs во Европа беше комесарот за човекови права на Советот на Европа. Во нејзиниот коментар за човекови права од 27 октомври 2020 година, „Време е да се преземе акција против SLAPPs", комесарката Дуња Мијатовиќ повика итно да се преземат ефективни мерки против SLAPP.

---

## *Гелевски против Северна Македонија*[25]

Европскиот суд за човекови права, во септември 2020 донесе пресуда со која утврди дека е повредена слободата на изразување на г-дин Гелевски според член 10 од Европската конвенција за човекови права ѝ и се наложува на Република Северна Маке-

25 СЛУЧАЈ ГЕЛЕВСКИ против СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (Апликација бр. 28032/12), Пресуда, 08.10.2022 година https://hudoc.echr.coe.int/fre/#{%22itemid%22:[%22001-204818%22]}

донија да му исплати надомест за штета во висина од 3.000 евра на Никола Гелевски поради повредено право на слобода на изразување.

Оваа пресуда е поврзана и се однесува на случајот во кој тогашниот главен уредник на телевизијата Сител и главен и одговорен уредник на весникот „Вечер" - Павловиќ, покрена судски процес против Никола Гелевски поради неговиот текст „Мегафоните од фиреровиот сокак", публикуван на 31 март 2009 година во „Утрински весник". Павловиќ тогаш сметал дека Гелевски ги повредил неговите чувства. Судскиот процес траеше околу една година, а Павловиќ, пред македонските судови, ја доби приватната тужба за навреда и клевета против некогашниот колумнист на „Утрински весник", Никола Гелевски.

Откако пресудата против Гелевски ја потврдија Апелациониот и Уставниот суд, Гелевски поднесе тужба до Судот за човекови права во Стразбур, кој пресуди во негова корист. Во образложението на пресудата се наведува дека **„Владата признала дека имало мешање во слободата на изразување на жалителот". „Судот забележува дека жалителот бил редовен колумнист во дневен весник. Затоа мешањето мора да се испита во контекст на суштинската улога на слободата на медиумите во обезбедувањето правилно функционирање на демократското општество".**

Исто така, во врска со јазикот што го користел Гелевски, судот повторува дека **„на поединци, а особено на новинарите што учествуваат во јавна дебата за прашање од општ интерес, им е дозволено да применат одреден степен на претерување или провокација". На крај, судот смета дека „кривичната пресуда изречена на Гелевски несомнено може да има застрашувачки ефект врз медиумите во политичката дебата за прашања од важност".**

---

### ● *Макрадули против Република Македонија*

Пресудата на Европскиот суд за човекови права изречена во овој случај произлезе од двете посебни апликации поднесени од истиот жалител, г. Јани Макрадули, кој во време на водењето на предметните домашни постапки бил потпретседател на опозициската партија СДСМ и пратеник во македонското Собрание. Со неа судот се зафаќа со мериторно расправање на неговите жалбени наводи дека осудителните кривични пресуди за клевета довеле до прекршување на неговата слобода на изразување загарантирана со членот 10 од Европската конвенција за човековите права.

Оттука, Европскиот суд за човекови права донесе две пресуди за клевета против политичар во Република Македонија што се неоправдано ограничување на правото на слобода на изразување. Македонски опозициски политичар беше обвинет за клевета, откако на официјални прес-конференции на политичките партии даваше критички изјави кон шефот на Агенцијата за безбедност и контраразузнавање. Тој се обрати

до судот откако домашните судови ги потврдија неговите пресуди, сметајќи дека пресудите се соодветна рамнотежа на правата на слобода на изразување и заштита на угледот. Судот нагласи дека политичкиот говор ужива особено силна заштита според Европската конвенција за човекови права, и дека, иако политичарите имаат право на заштита на својата репутација, „политичарот неизбежно и свесно се отвора за затворен преглед на секој негов збор и дело, и од новинарите, и од јавноста во целина, и тој мора да покаже поголем степен на толеранција“(став. 71).

При утврдувањето повреда на членот 10, судот го адресираше и прашањето за природата и суровоста на изречените санкции, потенцирајќи дека дури и релативно скромната природа на паричните казни, сама по себе, не го негира ризикот од „одвраќачки ефект“ врз натамошното остварување на слободата на изразување. Тој оцени дека макар што изречената глоба повеќе не можела да биде наплатена, со оглед на законските измени што ја декриминализираа клеветата, осудата на жалителот имала одвраќачко дејство (chilling effect) врз политичката дебата што тој ја покренал по прашања од општ интерес. Севкупно, судот констатираше дека стандардите применети во спорните постапки биле инкомпатибилни со принципите отелотворени во членот 10 од Конвенцијата и домашните судови не успеале да постигнат правична рамнотежа меѓу спротивставените интереси што биле засегнати. Следствено на тоа, вмешувањето било несразмерно на целта и тоа не било „неопходно во едно демократско општество“, во смисла на значењето на членот 10 став 2.

### 6.3.3 Примери на SLAPP во светот и во регионот

Практиките на SLAPP се зголемуваат ширум светот и не се состојат само во граѓански тужби. Наместо тоа, може да се покренат некои стратешки криминални тврдења, со цел да се замолчат несаканите гласови. Во Италија, на пример, обвиненијата за клевета многу често се користат против критичките новинари, особено кога тие покривале приказни за јавни личности или познати претприемачи. Доколку новинарот не може да се брани од таквите случаи, тие може да резултираат со казнени санкции или наредби за обесштетување на оние што наводно се оштетени од спорните изјави. Тоа е случајот, на пример, со истражувачката новинарка Амалија де Симон, која во последните неколку години трпеше неколку навредливи тужби (главно кривични случаи на клевета) од богати бизнисмени, како и од јавни функционери, откако известуваше за нивните наводно незаконски активности. Обвиненијата, кои сè уште не се во тек, јавното обвинителство ги отфрли пред да стигнат до првостепениот суд.

Што се однесува до случајот со Де Симон, честопати SLAPP не доведуваат до правосилна пресуда против тужениот. Тужителите уште од самиот почеток знаат дека нивните обвиненија се неосновани или претерани. Сепак, тие, исто така, знаат дека да се тужат и да се соо-

чат со истраги и евентуално судење е скапо и одзема време. Следствено, вознемирувачките тужби можат да имаат големи застрашувачки ефекти, воздржувајќи се од новинарката, медиумскиот оператор или непосакуваниот говорник повторно да го искористи своето право да критикува или да известува.

Некои интересни еклатантни примери на SLAPP од САД се следните два случаи:

- **Случајот на SLAPP и Саша Барон Коен**

Во 2006 година, една жена поднела тужба против Саша Барон Коен, телевизиската мрежа Канал 4 и шоуто „The Ali G“ на Ејч-би-о, тврдејќи дека Коен, додека ја играл улогата на „Али Џи“, ја спомнал по име и клеветел за време на лажно интервју со историчарот Гор Видал.

При носење на пресудата во 2009 година, судот оценил дека *„ниту едно разумно лице не може да ги смета изјавите дадени од Али Џи во програмата за фактички и вистинити“*, и затоа тие не ги исполнуваат делото и квалификацијата на  клевета.

---

- **Случајот на тексашките ранчери против Опра Винфри**

Во можеби најпознатиот SLAPP, Опра Винфри, во 1996 година беше тужена од ранчерите од Тексас по шоуто наречено „Опасна храна“, во кое таа покани експерти за кравјо лудило и изјави дека никогаш повеќе нема да консумира хамбургери.

Ранчерите поднесоа тужба и бараа отштета од повеќе од 12 милиони долари. Тексас нема закон против SLAPP, па Винфри се бореше против SLAPP шест недели пред поротата да донесе одлука во нејзина полза. По поднесената жалба во 2000 година, американскиот петти округ ја потврди пресудата.

Интересен е случајот на SLAPP што ни доаѓа од соседството. Српската мрежа за известување за криминал и корупција „Крик“ е казнета поради објавување вести за судење криминална банда во Србија.

„Крик“ цитираше судски материјал од јавното судење против локалната криминална банда наречена „Групата на Јотка“ во април 2021 година. Медиумите ги цитираа обвинетите, кои тврдеа дека групата има врски со министерот за внатрешни работи, кој, исто така, е висок член на Српската напредна партија и поранешен шеф на српската Безбедносна информативна агенција (БИА). Прислушуван разговор, за кој обвинетиот тврди дека може да биде срце, е основата на оваа тужба. Алармантно е тоа што сопругот на судијката што го осуди „Крик“ е близок пријател на уште еден српски министер од Напредната партија. Оваа тужба е една од 12-те тужби за SLAPP насочени кон „Крик“ од минатата година и за нив бурно реагираа повеќе медиуми и организации.

---

## 6.4 SLAPP предмети во националните судови

Во националните судови, во Република Северна Македонија не може на лесен начин да се направи јасна идентификација на SLAPP предметите, од причина што во периодот во кој тие се водени, не биле актуализирани индикатори за утврдување дека станува збор за SLAPP. Предметите што се воделе и што се водат пред судовите во РСМ, постои застапеност на SLAPP во сите судски постапки, односно во граѓанската и во кривичната пред судовите.

Во потенцијалните SLAPP, покрај граѓанските постапки во периодот 2008-2016 година, а и по овој период имаше предмети што беа покренати од страна на јавното обвинителство, односно беа злоупотребувани истражните и правосудните органи и судовите од страна на извршната власт за да се ограничи слободата на говорот и учеството во јавниот простор.

Првиот карактеристичен случај на организиран криминал е т.н. предмет „Пајажина“, во кој предмет на истрага беа А1 телевизија и други компании на семејството Рамковски. Имено, во периодот пред отворањето на истрагата против бизнисменот Велија Рамковски, тој беше жесток критичар на власта поради нејзиното автократско и коруптивно владеење. Овој предмет беше карактеристичен по интензитетот и обемот на механизмите што беа употребени и користени, и Управата за јавни приходи и другите финансиски институции, кои имаат истражни надлежности. Овој предмет заврши со осудителни пресуди за сопственикот на А1 телевизија, како и за членовите на неговото семејство и соработниците, но како краен ефект на овој предмет беше затворање на А1 телевизија, која беше најгласна против владата што беше креатор на т.н. заробена држава и што беше констатирано од експертската група на Рајнхард Прибе. Токму во Извештајот на Прибе беше дадена и следната препорака, која може да се каже дека се однесува на SLAPP. „Дејствијата на клевета не треба да се користат како средство за задушување на дебатата или пречка за јавните личности да се повикаат на отчетност. Постои особена загриженост кога политичарите тужат новинари за клевета, но и кога тужат и други политички личности наместо да ги решаваат нивните разлики преку други средства како јавна дебата.“

Вториот, исто така, карактеристичен кривичен случај беше предметот „Ликвидација“, во кој меѓу другите осуммина, беше осуден и новинарот Томислав Кежаровски, првично на 4,5 години за потоа да му биде намалена казната на 2 години ефективен затвор. Новинарот Томислав Кежаровски беше осуден поради тоа што во 2008 година, во ревијата „Репортер 92“ го имаше наводно откриено идентитетот на заштитениот сведок во овој судски предмет. Новинарот Кежаровски беше опфатен со предметот „Ликвидација“ непосредно по објавите од неговото истражување за сообраќајната несреќа во која животот го загуби сопственикот на неделникот „Фокус“, Никола Младенов, еден од најистакнатите критичари на тогашната власт. На крајот, постапката беше запрена поради застареност.

Третиот кривичен случај не се однесуваше на SLAPP кон новинари и медиуми, туку беше насочен кон фармерот Душко Илиевски, лице кое имаше јавни настапи како водач на протестите против млекарницата „Сведмилк“, која беше странска инвестиција поддржана од Владата на Република Македонија. Илиевски беше уапсен бидејќи наводно одгледува марихуана заедно со својот брат. По повеќе од десет дена поминати во притвор, Илиевски и неговиот брат беа ослободени бидејќи станувало збор за самоникнат див коноп, а не за одгледувана марихуана. По неколку години, Илиевски беше обвинет и за напад на службено лице за време на т.н. Шарена револуција од истата владејачка гарнитура поради својата активна улога и во овие протести.

Ова беа три карактеристични судски предмети, кои беа предмет на кривична постапка, а преку која политичката елита, всушност, користеше SLAPP за првично да се отстранат, а доколку тоа не е можно, да се ограничат да дејствуваат во јавниот простор.

Во делот на граѓанските постапки постои развиена судска пракса од причина што во 2012 година беа декриминализирани со донесување на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Во оваа анализа би сакале да направиме преглед на дел од пресудите што би можеле да имаат елементи на SLAPP, а на кои укажаа адвокатите што беа интервјуирани.

### 1. Али Ахмети против АТВ Медиа Компани ДООЕЛ Скопје и Исен Салиу

Тужителот Али Ахмети, со тужбата барал да се утврди дека АТВ Медиа Компани ДООЕЛ Скопје и Исен Салиу биле одговорни за клевета сторена кон него поради тоа што тужените преку интернет-страницата на дневниот весник „Лајм“ дозволиле да се објават невистинити факти, штетни за честа и угледот на тужителот, каде што било објавено дека „Али Ахмети му се заканил на лицето Рафиз Алити дека ќе го исклучи од партијата Демократска унија за интеграција.“ Притоа тужителот Ахмети барал од АТВ Медиа Компани ДООЕЛ Скопје да му исплати нематеријална штета во износ од 15.000 евра додека лицето Исен Салиу во износ од 10.000 евра, како и тужените да се задолжат на свој трошок да ја објават пресудата во ударните информативни вести на три национални телевизии и на најчитаниот интернет-портал во Република Македонија. Основниот суд Скопје 2 Скопје донел Пресуда П5-17/18, со која ја одбил тужбата како неоснована бидејќи не утврдил елементи на клевета. Оваа пресуда била потврдена од страна на Апелациониот суд Скопје со Пресудата ГЖ-57/19 од 13.2.2019 година.

### 2. Левица против Џабир Дерала

Политичката партија Левица, како тужител, има поднесено тужба за клевета против новинарот Џабир Дерала за нанесена клевета во две колумни објавени во рубриката „Рафал“ на веб-страницата www.civilmedia.mk, кои биле реобјавени во „Слободен печат“ и во електронскиот медиум Плусинфо, поради тоа што во нив тужениот изнел невистини: „Покажаа дека работат за Кремљ. Апасиев другарчето на „велешкиот Гебелс“, како што го нарекуваат во неговиот роден град „скакута“ наоколу со својата брадичка и ја шири московско-вмров-

ската реа. Но, тоа не го спречи да добива донации од западните донатори, како онаа од фондацијата „Роза Луксембург“ за средствата на левичарите во Дојран. Дел од стратегијата на деструктивните антизападни инсталации се состои токму во тоа - да формираат и да финансираат што е можно повеќе жаришта и ќелии“... Десница/Левица го наруши својот неделен попладневен комодитет и не дозволи премногу да очајува поради неуспехот на нивната руска кампања. Иако смешно и гротескно дејствувањето на овие веќе одамна прочитани божемни левучарчиња, нивната „Обзнана“ е сигнал дека ниту руската амбасада во Скопје, ниту Фамилијата (барем дел од неа) не се откажуваат од битката за дестабилизација и задржување на Македонија во минатото.“ Притоа, тужителот Левица не побарал надомест на штета поради наштетување на честа и угледот. Основниот граѓански Скопје донел Пресуда П5-4/19, со која тужбата на тужителот ја одбил како неоснована во целост. Пресудата на Основниот граѓански суд е потврдена со Пресудата ГЖ-819/20 од страна на Апелациониот суд Скопје.

## 3. Миленко Неделковски против Младен Чадиковски, Владимир Тевчев и Добривој Будимски

Во овој предмет како тужител се јавува новинарот Миленко Неделковски, кој има поднесено тужба против новинарите Младен Чадиковски, Владимир Тевчев и Добривој Будимски заради утврдување клевета поради објавување на содржината на „Миленко Неделковски должи плати“ објавена на А1 телевизија. Со тужбата, тужителот Неделковски барал и надомест на нематеријална штета од Младен Чадиковски, како главен и одговорен уредник во износ од 400.000 денари, од второтужениот новинар Владимир Тевчев, во износ од 100.000 денари, и од Добривој Будимски, во износ од 100.000 денари. Основниот граѓански Скопје донел Пресуда П4-а-122/13 со која тужбата на тужителот ја одбил како неоснована во целост. Пресудата на Основниот граѓански суд е потврдена со ГЖ-822/16 од страна на Апелациониот суд Скопје.

Доколку се земат предвид наведените предмети, лесно може да се увиди дека политичките лидери или субјекти имаат за цел да влијаат врз дискурсот на известување и информирање од страна на новинарите преку покренување судски предмети против дел од нив. Во конкретните случаи е интересно дека тие, во делот на надоместокот на штета, драстично се разликуваат, бидејќи во едниот судски предмет не се бара воопшто надоместок на нематеријална штета додека во другите два таа изрично се бара. Интересен е фактот дека новинарот Миленко Неделковски барал само надомест на штета, но не и јавно извинување поради објавувањето невистина, која штети на неговиот личен углед, но и првостепениот и второстепениот суд утврдиле дека во конкретниот случај не станува збор за клевета.

# 7. ИНТЕРВЈУА СО РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ

Во рамките на анализата, авторите спроведоа интервјуа со страните што најчесто се вклучени во судските постапки, но постои ризик да се подведат под SLAPP, односно со адвокатите што се најчесто вклучени во застапувањето и одбраната на новинарите, судиите што постапуваат по тужбите и обвиненијата против новинарите, како и самите новинари што се најчесто тужени, односно обвинети поради својата работа.

Тргнувајќи од фактот дека самиот SLAPP може да биде воден во повеќе постапки, беше пристапено кон судиите што водат кривични и граѓански постапки, во кои како тужени или обвинети може да се јават новинари. Поради тоа, како дел од планираните интервјуа беа одржани интервјуа со еден судија од Основниот кривичен суд Скопје и еден судија од Основниот граѓански суд Скопје, како судови во кои се воделе или се водат најголем број судски предмети против новинари, и тие учествуваат во овој тип предмети.

На почетокот на интервјуата, од страна на судиите беше истакната улогата на новинарите како чувари на јавниот интерес, но и нивната ранливост поради преголемата изложеност на напади на интересни групи што имаат моќ во разни сегменти од општеството, политички, економски, финансиски, безбедносни и други сегменти.

Во делот на кривичните постапки, од страна на судија од Кривичниот суд беше потенцирана декриминализацијата на клеветата и навредата, но дека притисокот со тоа не е сосема исчезнат. Имено, постојат два вида притисок, односно влијание за ограничување или спречување на новинарите да учествуваат во јавниот простор. Притисокот во форма на SLAPP, во кривичната постапка се јавува во рамките на обвиненија за различни кривични дела од типот на Оддавање државна тајна (каде што обвинет беше новинарот Љупчо Златев), Пиратерија (каде што обвинет беше сопственикот на порталот Инфомакс) или Шпион (каде што меѓу обвинетите беше и новинарот Зоран Божиновски). Покрај овие кривични дела, кои, пред сè, се поврзани со информации, има и други кривични дела што беа предмет на Специјалното јавно обвинителство, предметот „Тревник“, каде што за изградба на нелегален објект беше обвинет новинарот Драган Павловиќ Латас - уредник на телевизијата Сител и предметот „Тифани“ - каде што за неоправдани трошоци во правно лице беше обвинета новинарката Ивона Талеска - водечки новинар во телевизијата Сител, која во периодот 2008-2016 година беше провладино ориентирана.

Во делот на можноста на препознавање на SLAPP, судијата наведе дека тоа може да се увиди од поднесеното обвинение од страна на јавното обвинителство или од приватниот тужител.

За разлика од кривичните предмети, кои во основа се SLAPP и кои не се многубројни, во

граѓанските постапки за граѓанска одговорност за клевета и навреда постои поголема можност за SLAPP. Во интервјуто со граѓанскиот судија беше истакнато дека постои механизам за превенција од SLAPP преку т.н. „парничење од бес“, но тој е деликатен бидејќи постои ризик од ограничување на граѓаните до правото на пристап до суд. Поради тоа, внимателно треба да се предвиди на кој начин би се идентификувале судските предмети што би имале елементи на SLAPP. Во делот на надоместокот на штета, граѓанскиот судија истакна дека во пракса судиите одат само кон јавно извинување доколку станува збор за утврдена клевета или навреда додека само во мал број предмети се досудува и надомест на штета во износи што не се високи. Граѓанскиот судија, во делот на траењето на судската постапка, истакна дека во просек судењата имаат 2 до 3 рочишта и дека тие се завршуваат во разумен рок.

Во делот на примената на меѓународната и националната законска рамка, судијата истакна дека и претходно, а и сега, согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, судиите директно можат и ја применуваат Европската конвенција за човековите права, како и праксата на Европскиот суд за човекови права. За примената на ЕКЧП и праксата на ЕСЧП во Академијата за судии и јавни обвинители се креирани посебни модули за почетна и континуирана обука на судиите и јавните обвинители. Сепак, и покрај обуките и специфичноста на предметите во кои се суди за клевета и навреда, не постои посебно одделение или друг облик во кои би суделе специјализирани судии за клевета и навреда.

Покрај судиите од скопските основни судови, беа направени интервјуа и со адвокатите што најчесто се јавуваа како застапници на тужените новинари и други лица што учествуваат во јавниот живот во Северна Македонија. Во разговорот, адвокатите, како и судиите, ја истакнаа потребата од претпазливост при креирањето процесни механизми за превенција од SLAPP во македонскиот правен систем. Адвокатите посебно истакнаа дека постои особено голем притисок кога станува збор за истражувачките новинари, наведувајќи го примерот со Истражувачка репортерска лабораторија - ИРЛ, против која се мултиплицираат судски предмети, само за ограничување на нивните истражувања, кои откриваат коруптивни афери, не само во рамките на државните органи, туку и во приватниот сектор.

Од страна на адвокатите беше предочено дека е битно да се следи праксата од Европскиот суд за човекови права, посебно што се однесува за Северна Македонија, која треба да биде вградена во правниот и во правосудниот систем. Во делот на постапувањето на судиите, адвокатите потенцираа дека постои разноликост во постапувањето, како и во одлучувањето во предметите за клевета и навреда, што создава правна несигурност, која дополнително може да се смета за поволност за SLAPP.

Адвокатите, исто така, потенцираа дека е потребно да се зајакне континуирана едукација за судиите за праксата на Европскиот суд за човекови права, со посебен акцент на SLAPP. Едукацијата е наједноставниот начин да се претстави SLAPP како прикриена опасност за ограничување на учеството во јавниот простор и информирањето од страна на медиумите и

новинарите, како и здруженијата на граѓани и активистите, кога ги критикуваат негативните трендови и појави што директно штетат на јавниот интерес.

Авторите на оваа анализа, исто така, разговараа со истражувачки новинари, кои се директно изложени на SLAPP во својата секојдневна работа. Како превенција од SLAPP, новинарите сметаат дека треба да се искористи подготвителното рочиште, каде што судијата би можел да оцени дали станува збор за SLAPP или за наводна клевета и навреда. Оттука, новинарите сметаат дека подготвителното рочиште е дел од судската постапка што судот го спроведува повеќе формално отколку суштински, бидејќи судиите не оценуваат дали постои правен интерес на тужителот за поднесување тужба.

Новинарите, исто како и адвокатите[26], сметаат дека треба да се посвети посебно внимание за да се обезбеди обука за специјализација на судиите за клевета и навреда што произлегува од нивното досегашно искуство. Воспоставениот систем, според кој сите судии судат клевета и навреда, претставува ризик од правна несигурност и по квалитетот на одлуките во овие конкретни случаи. Следствено на тоа, новинарите сметаат дека во поголемите судови треба да постои одделение во кое би биле судии специјализирани за клевета и навреда.

Исто така, истражувачките новинари наведоа дека постои огромна потреба за запознавање на јавноста со значењето и опасноста од SLAPP, со цел да се зголеми и притисокот на јавноста кон чинителите што се креатори на SLAPP. Притоа, беше потенцирано и дека запознавањето на јавноста треба да биде во насока на тоа, таа да има сознанија дека SLAPP има за цел новинарите да бидат замолчени или во најмала рака цензурирани.

Во однос на трошоците на постапката и надоместокот на штета, новинарите истакнаа дека во еден дел ги покрива нивниот медиум, додека во поголем дел ги покрива Здружението на новинарите на Македонија, кое дава посебна поддршка во судските предмети.

На крајот, новинарите истакнаа дека посебна заложба треба да даде Советот на Европа во заштитата на новинарите од SLAPP, со подигање на свеста преку државите-членки на луѓето што живеат во нив. Исто така, потребно е Советот на Европа да обезбеди јасни насоки за превенција од SLAPP, како и едукација на судиите и јавните обвинители за лесно препознавање на елементите на SLAPP, со цел да се обезбедат нормални услови за учество на новинарите во јавниот простор и да работат во заштита на јавниот интерес.

26 Кодекс за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници, и адвокатските приправници на адвокатската комора на Република Македонија, https://www.mba.org.mk/index.php/mk/akti/kodeks-etika?showall=1

# 8. ЗАКЛУЧОЦИ И НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИ ИНТЕРВЈУА

Според Mapping Media Freedom Report за 2022 година,[27] за Северна Македонија документирани се 11 предупредувања во кои беа вклучени 11 поединци или медиуми. Следејќи го трендот низ Европа, огромното мнозинство од овие инциденти се однесуваа на случаи на вербални напади (9), вклучително и заплашување, проследено со физички напади (3) врз новинарски работници.

Навреди и вербални закани кон новинари беа упатени од јавни функционери, вклучително и навреди кон македонските новинари како група, кои на Фејсбук ги нарече „проститутки“ од пратеник во Собранието, во знак на незадоволство од медиумското покривање на почетокот на преговорите за пристапување со ЕУ во јули 2022 година. Заплашување дојде и од полицијата, која повикала новинар на сослушување, во врска со напис објавен месец претходно. Исто така, имало и други вакви случаи по поплака од лице што било цитирано во написот на новинарот. Во двата случаи, поединци, незадоволни од медиумското покривање, успеале да им се закануваат на новинарите преку полициски службеници, кои следеле несоодветни процедури. Третото предупредување го документира погрешното однесување на полицаец, кој на крајот ја оштетил камерата на репортерот на една телевизија. Четворица репортери претрпеа насилни физички напади. Неретко новинари што работат за телевизија се навредувани и туркани. Општата состојба со заштитата на новинарската работа и притисоците со кои се соочуваат е на незавидно ниво во земјата. Оттука, со цел да се добие целосна слика со SLAPP постапките во Северна Македонија, тимот експерти спроведе интервју со двајца (2) судии кривичари и четворица (4) адвокати што имаат искуство со ваквите постапки.

# 9. ПРЕПОРАКИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА SLAPP, ОД ЛЕГИСЛАТИВЕН И ПРАКТИЧЕН АСПЕКТ

Меѓу приоритетите треба да биде идентификување и дефинирање на индикаторите преку кои се препознава постоењето на SLAPP. Тоа е појдовната основа од која ќе се градат политиките и ќе се креира легислатива.

## 9.1 Индикатори за идентификување на SLAPP

Според сето она што е наведено во теоријата, праксата, судските сентенци и преседани и различните поимања на терминот во различни држави, не е едноставно да се дефинираат

27 Media Freedom Rapid Response (MFRR), Mapping Media Freedom, Monitoring Report – 2022 https://www.mappingmediafreedom.org/wp-content/uploads/2023/02/MFRR-Monitoring-Report-2022.pdf

индикаторите што се иманентни за овој процесен феномен. Предизвикот е, пред сè, во тоа што нема јасно делимитирана граница меѓу истакнувањето правозаштитно барање што навистина е насочено во заштитата на личните добродетели, на личноста или на определено правно лице, и оние што се маскирани како такви, а имаат сосема друга цел. Во отсуство на легислативна дефиниција, мора да се осврнеме кон праксата, домашна и меѓународна, со цел да се пронајдат заедничките именители.

Како да се препознаат SLAPP тужбите, не е едноставна задача. Советот на Европа, во нацрт -препораката за спротивставување на користењето на SLAPP прави обид преку отворен и поширок пристап да ги дефинира индикаторите за идентификација на SLAPP. Но, сепак, и покрај тоа, не е лесно да се направи дистинкција што е тужба, односно иницирдан процес насочен кон остварување на легитимен правен интерес, со легитимна цел и легитимно побарување од она што е насочено кон очигледно постигнување тешкотии во функционирањето на тужениот, и тие не се приоритет.

Од праксата, интервјуата и од собраните искуства може да се направат следните заеднички именители како индикатори за SLAPP тужби.

| | |
|---|---|
| I. | Неретко, овој вид тужби се очигледно неосновани, и содржат навредлив речник  и се маскирани како тужби за клевета или наводно кршење на уставните и/или граѓанските права, и најчесто се покренати против новинари или активисти затоа што ги остваруваат своите политички права и/или нивната слобода на изразување и информирање во врска со прашања од јавен интерес или општествено значење. |
| II. | Тие обично не се поднесуваат со намера да ја добијат правдата, туку за заплашување, замолчување и трошење на финансиските и психолошките ресурси на целите на SLAPP, што е очигледно, бидејќи настапот е ексцесивен, со демонстрација на премногу моќ, ангажирање голем број правни советници, медиуми, истакнување огромни побарувања и слично. |
| III. | Често се карактеризираат со голема нерамнотежа на моќта меѓу тужителот и обвинетиот, каде што едниот има ресурси и способност ефективно да го замолчи другиот преку парнични техники, кои го засилуваат психолошкиот и економскиот товар на долготрајните постапки.[28] |
| IV. | Опсегот на побарувањето, вклучително и дали постои реален ризик што ќе го одврати учеството  на јавноста надвор од спорните прашања; |
| V. | Прекумерната или неразумната природа на побарувањето, или дел од него, вклучувајќи, но не и ограничено на правните барања што ги бара тужителот; |

28 Rafał Mańko Members' Research Service PE 733.668, SLAPP- BRIEFING EU Legislation in Progress, July 2023

| | |
|---|---|
| VI. | Постоење на барање за привремена мерка, да се забрани определено истражување, сторија, книга или слично да биде емитувана или реемитувана. |
| VII. | Секоја диспропорција што може да се идентификува меѓу ресурсите употребени од тужителите и веројатната легитимна корист од постапката за тужителот ако успее барањето; |
| VIII. | Постапувањето на тужителот во спорот преку  употреба на стратегии за проширување прекумерни барања за достава на податоци или употреба на агресивни правни закани пред да се иницира постапката; |
| IX. | Секој неуспех да се дадат одговори на барањата што се упатени во добра верба за коментар пред објавувањето или да се даде појаснување, укажува на SLAPP карактер на таа постапка; |
| X. | Сериозноста на наводната грешка и обемот на претходното објавување; |
| XI. | Историјата на судските спорови меѓу странките и претходните дејствија поднесени од страна на тужителот против странката или други против дела на учество на јавноста; |
| XII. | Секое одбивање без разумно оправдување да се реши побарувањето преку алтернативно  решавање на споровите (медијација, арбитража итн.); |
| XIII. | Тангенцијални или симултани дејствија на други форуми за замолчување или заплашување на виновни или поврзани лица; |
| XIV. | Секоја карактеристика што сугерира дека тужбата е покрената со цел вознемирување, заплашување или на друг начин принудување на тужениот на молчење или откажување. |

## 9.2 Генерални насоки и препораки за заштита од SLAPP

- Едукација на јавноста за SLAPP. Ова ќе им помогне на луѓето да разберат што се SLAPP, како функционираат и како да се заштитат од нив.

- Подигнување на свеста за SLAPP во медиумите. Тоа ќе помогне да се расветли ова прашање и да се отежне успехот на SLAPP.

- Обука на правни професионалци за тоа како да идентификуваат и да одговорат на SLAPP. Тоа ќе помогне да се осигури дека потенцијалните жртви на SLAPP имаат пристап до правната помош што им е потребна.

- Зајакнување на потенцијалните жртви на SLAPP. Тоа може да се направи со обезбедување информации за SLAPP, помагајќи им да се поврзат со правни ресурси и нудејќи им емоционална поддршка.

- Засилување на поддршката за спротивставување на SLAPP. Тоа може да се направи со контактирање на избраните функционери, пишување писма до уредникот и поддршка на организации што работат во борбата против SLAPP.

## КОНКРЕТНИ ЧЕКОРИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ВО ИДНИНА

Собранието, како законодавен дом, во рамките на своите надлежности, треба да ги преземе следните чекори за превенција и спречување на SLAPP тужбите против новинарите, како и активистите што работат во сегментот на заштита на јавниот интерес.

Во период до 6 до 18 месеци:

| | |
|---|---|
| I. | Да се интервенира во предлог-законот за парнична постапка, кој е во постапка на донесување во насока подготвително рочиште во ЗПП да се зајакне со испитување на можноста да се докажува правниот интерес во постапките за навреда и клевета. |
| II. | Одредбите за клевета во Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета да се ревидираат во насока да се обезбеди заштита само за лажни изјави на факти и кои предизвикуваат значителна штета на угледот на тужителот, при тоа овие два услова да бидат исполнети кумулативно. Од друга страна, да се стават заштитни механизми овие права на информирање да не бидат злоупотребени, односно да се стават соодветни механизми на одвраќање. |

Владата како предлагач на законите, во рамките на своите надлежности треба да ги преземе следните чекори за превенција и спречување на SLAPP тужбите против новинарите, како и активистите што работат во сегментот на заштита на јавниот интерес:

Во период до 6 до 12 месеци:

| | |
|---|---|
| I. | Да предвиди и предложи во законите механизми против SLAPP, |
| II. | Да ја разгледа можноста за донесување посебен закон, каде што, меѓу другото, би бил утврден фиксен плафон на висината на надоместокот што може да се додели за нематеријална штета на угледот - односно штета што не може да се квантифицира во парична смисла - но, не треба да има законски минимално ниво на компензација. |

| | |
|---|---|
| III. | Да се предложи законско воспоставување на построги критериуми за докажување правен интерес во случаите што имаат индикатори за SLAP. |

Судовите, како една од властите што е делител на правдата, во рамките на своите надлежности треба да ги преземе следните чекори за превенција и спречување на SLAPP тужбите против новинарите, како и активистите што работат во сегментот на заштита на јавниот интерес:

| | |
|---|---|
| I. | Воспоставување пракса за разгледување на можноста, кога се работи за тужбени барања во случаите на клевета и навреда, по однос на износите, да се направи дистинкција меѓу постапување на тужениот со намера, односно кога тој постапил со знаење за невистинитоста на изјавата и со конкретна намера да му нанесе штета на тужителот или тужителот, наспроти небрежност или невнимание и да го примени институтот „парничење од бес.“ |
| II. | Висината на досудените надоместоци никогаш не треба да бидат непропорционални на направената штета и треба да ги земат предвид сите нематеријални начини на морална сатисфакција, како што е објавувањето извинување или користењето на правото на одговор, како и нивото на компензација доделена за други случаи. |
| III. | Висината на досудениот надоместок во секој случај треба да ја земат предвид вистинската финансиска способност на тужениот. |
| IV. | Треба да се зајакне препознавањето на функционалната природа на новинарството. Не само новинарите, туку и сите други физички и правни лица што редовно или професионално се занимаваат со собирање и ширење информации до јавноста преку какви било средства за масовна комуникација, или прават анализи, извештаи, истражувања со кои се задира во јавните интереси на пошироката заедница треба да бидат ставени под чадорот на заштита од SLAPP. |
| V. | Доколку станува збор за SLAPP, повредата на угледот на една личност мора да достигне одреден праг на значење пред да може да го оправда ограничувањето на слободата на изразување; конкретно, тоа мора да предизвика „сериозна штета“. |
| VI. | Во нивните оценки за случаи поднесени од јавни службеници, политичари и јавни личности, судовите треба да признаат дека овие лица мора да имаат поширока толеранција кон критиката отколку обичните граѓани, бидејќи тие се директно вклучени во прашањата од јавен интерес. |

| | |
|---|---|
| VII. | При нивната проценка на случаите, судовите треба да се погрижат никој да не е одговорен за клевета за изразување на мислење. Судовите треба да ги земат предвид сите околности на изјавата, вклучително и употребениот јазик и жанр, кога проценуваат дали изјавата е мислење. Таму каде што е очигледно дека изјавата е сфатена од публиката дека е дадена со хумористичен, провокативен или сатиричен тон, таа треба да се смета за мислење. |

Академијата за судии и јавни обвинители, како единствена точка на влез во судството преку основната обука и обезбедувач на континуирана правна едукација, да ги преземе следните чекори:

Во период од 6-12 месеци:

| | |
|---|---|
| I. | Подготовка на курикулуми преку кои ќе се воведе обука за подобрување на капацитетот на судството за примена на меѓународните и регионалните стандарди за слободата на изразување во случаите на клевета и стратешките тужби, особено судската практика на Европскиот суд за човекови права и стандардите во овие пресуди. |
| II. | Подготовка на курикулуми за обука за примена на построги критериуми за докажување правен интерес во случаите што имаат индикатори за SLAP. |

# 10. ПРИЛОЗИ

(1) Али Ахмети против АТВ Медиа Компани ДООЕЛ Скопје и Исен Салиу - Пресуда П5-17/18 од 25.09.2018 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје и Пресудата ГЖ-57/19 од 13.02.2019 година на Апелациониот суд Скопје.

(2) Левица против Џабир Дерала - Пресуда П5-4/19 од 26.11.2019 година на Основниот граѓански суд и Пресудата ГЖ-819/20 од 9.6.2020 година на Апелациониот суд Скопје.

(3) Миленко Неделковски против Младен Чадиковски, Владимир Тевчев и Добривој Будимски - Пресуда П4-а-122/13 од 19.5.2015 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје и Пресуда ГЖ-822/16 од 17.11.2016 година на Апелациониот суд Скопје.

Здружение на новинарите на Македонија